# ПРОГРАМА

1. V. Azzarashvilli - Nocturne
2. Eric Ewazen – Palisades suite

- Beauty
- Sadness
- Anguish
- Hope

3. Ernesto Cavallini - “Reverie Russe”

4. Florent Schmitt - Sonatine Op. 85

5. Camille Saint-Saëns - Tarantella op.6

6. Марјан Јанкоски – На пат за дома

**ЗЛАТКА МИТЕВА**, е македонска флејтистка од младата генерација. Дипломира и магистрира на Националната Музичка Академија „Панчо Владигеров” во Софија, во класата на проф. Лидија Ошавкова.
Својот музички профил, го усовршува кај еминенти светски флејтисти како Патрик Гала, Жерард Бургоњ, Андраш Адорјан, Марина Новак, Филип Бернолд и Клаудио Ферани.
Носителка е на музички награди од државни и меѓународни натпревари по флејта и камерна музика во земјава и странство.
Златка Митева настапува на музички фестивали во земјава и странство; „InterFox„ Осијек, Хрватска, Concertti del Tempietto„ во Рим, Италија, „Solei Festival„ Созопол, Бугарија, „Flauta&me„ Загреб и Нови Сад, „Flautissimo„ во Рим, Италија, „BachFest„София, ,,Apolonia„ Созопол, „Europe Music Festival„ во Солун, Скопско лето, Штипско лето, ПроМузика, Денови на Македонска музика и др.
Со пијанистката Наташа Трбојевиќ остварува успешни концерти во Њујорк, Рим, Прага,Загреб, Истанбул, Печ, Будимпешта, Касел, Софија, Созопол, Белград, Нови Сад, Врање, Скопје, Тетово, Штип, Велес, Кавадарци, Гевгелија, Струмица и др.
Златка Митева е член на камерниот состав ТРИО АКАДЕМИКО и заедно со овој состав успешно концертира на фестивали во земјава и странство. Член на Академското дувачко Трио и ансамблот за современа музика на сојузот на композиторите на Македонија ,,Контемпора,,.
Стипендист на 15 - от фестивал за флејта "Flautissimo" во Рим, Италија.
Добитник е на државната награда "Георги Божиков" и почесен член на Фондацијата "Томислав Зографски"
Во 2017 година, издаде ЦД ( Музика за флејта и пијано од македонски автори ) заедно со пијанистката Наташа Трбојевиќ.
Во моментов, Златка Митева епрофесор по флејта на Музичката Академија на Државниот универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

**НАТАША ТРБОЈЕВИЌ** е родена во Штип. Музичкото образование го стекнува во Средното музичко училиште во Штип.Своето образование го продолжува на Факултетот за музичка уметност при Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје во класата по пијано на проф. Лепша Пиперковска, магистрира во класата по пијано на проф.Евушка Трпкова Елезовиќ. Има освоено повеќе награди на натпревари по пијано .
Зема учество на семинари по пијано кај истакнати пијанисти;Тимакин, А. Валдма, Б. Романов, Јокут Михајловиќ, Д. Трбојевиќ и др.
Од 1988 година работи како проф.по пијано во Средното музичко училиште во Штип. Била член на жири комисија на државни и меѓунардни натпревари за пијано и камерна музика.
Од 2007 година работи како уметнички соработник, а од 2016 како доцент на Музичката академија при УГД во Штип
Настапува како солист, како и со многубројни солисти, со пијано дуото Трбојевиќ – Настовски во земјата и странство.